Република Северна Македонија

**Влада на Република Северна Македонија**

Секретаријат за европски прашања

20-1681/2
23.01.2020

# ПОТВРДА

Врз основа на поднесеното Барање за издавање на потврда за регистрација на Проект, пристигнато на ден 17.01.2020 година, а согласно *Член 2 став 2* од '*Правилникот за начинот на спроведување на даночното ослободување од плаќање на данок на додадена вредност на промет на добра и услуги наменети за реализација на проект кој е финансиран со парични средства добиени врз основа на договор за донација склучен помеѓу Република Македонија и странски донатор во кој е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат даноци*' на Министерството за финансии, со бр. 20-21842/1 од 27 јуни 2014 година, објавен во 'Службен Весник на РМ' бр. 98/2014 од 30 јуни 2014 година, како и согласно *Член 3 став 1* од '*Правилникот за начинот на спроведување на ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност и акцизи при увоз на добра - стоки наменети за реализација на проект кој се финансира со парични средства добиени врз основа на договор за донација, склучен меѓу Република Македонија и странски донатори, во кој договор е предвидено дека со добиените парични средства нема да се плаќаат увозни давачки, даноци и акцизи како и формата и содржината на Барањето за остварување на ослободувањето како и потребната документација*' на Министерството за финансии бр. 20-21843/1 од 27 јуни 2014 година, објавен во 'Службен Весник на РМ' бр. 98/2014 од 30 јуни 2014 година, и согласно договорот помеѓу Владата на Република Македонија и УНДП од 30.10.1995 година, во кој стои клаузулата дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на даноци / увозни давачки / акцизи во Република Северна Македонија,

Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Северна Македонија, со ова потврдува дека проектот со следниот назив (на македонски и англиски јазик) и следниве параметри :

***"Регионален проект за управување со ризици од поплави во сливот на реката Дрим",***

***"Regional Drin River Basin Flood Risk Management Project",***

*вредност на донацијата / странска помош*: **2.359.564,00 американски долари**

*датум на започнување*: **01.09.2019** *датум на завршување*: **31.12.2024**

*донација од*: **Програма за развој на Обединетите Нации (УНДП)**

*име на спроведувачот (имплементаторот) на проектот*:

**Програма за развој на Обединетите нации**

*име на лицето кое е определено како одговорно лице за реализација на проектот*:

**Анита Коџоман – Раководител на Оддел за животна средина и енергетика - Програма за развој на Обединетите нации**

*краен корисник*: **Министерство за животна средина и просторно планирање**

*со износ на доделени средства од Проектот во висина од*: **2.359.564,00 американски долари**

---

е примен за регистрирање во *Централната база на податоци за странска помош* при Владата на Република Северна Македонија (CDAD).

Оваа Потврда се издава во два или повеќе примероци (по еден идентичен оригинален примерок им се издава на сите крајни корисници на проектот, додека преостанатиот примерок се задржува во архивата на Секретаријатот за европски прашања). Потврдата е со важност од датумот на издавањето.

07/01-20/5240 /број на потврдата/

23/01/2020 /датум на издавање/

Благица Митковска

Раководител на Одделение
за Протокол и организациски работи

подготвил: Насер Ризаи
контролирал: Благица Митковска